**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

***Број: 02 - 3666/2***
***27.02.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 27.02.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, директор на секторот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, директор на секторот за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Зоран Крајоски, директор на секторот за контрола (делумно присутен);*

- *Стојан Петрески, раководител на одделението за имотно правни односи (делумно присутен);*
- *Љубица Димитровска, раководител на одделението за финансии (делумно присутна);*
- *Миле Сугарев, изготвувач на Информацијата за исплатената бруто плата во јавните здравствени установи за јануари 2009 година (делумно присутен);*
- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација;*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар.*

*На седницата во врска со Информацијата за исплатената бруто плата во јавните здравствени установи за јануари 2009 година присуствува и Симеон Сиљановски и Гордана Славеска, претставници на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, кои на Управниот одбор му дадоа појаснувања во врска со исплата на платите во јавните здравствени установи.*

*Претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од L-та седница на Управниот одбор, одржана на 11.02.2009 година*

1. *Информација за исплатената бруто плата во јавните здравствени установи за јануари 2009 година;*
2. *Завршна сметка на ФЗОМ за 2008 година;*
3. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-декември 2008 год;*
4. *Барања за инвестициони вложувања од јавни здравствени установи;*
5. *Предлог за годишен буџет за 2009 година од специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“ од Скопје;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Склучување на договори со лекари кои исполниле услови за пензионирање;*
8. *Предлог за измени во Листата на лекови на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Разно.*

*Борис Јосифовски предложи поради поврзаноста на материјата, точката 2 - Завршна сметка на ФЗОМ за 2008 година и точката 3 - Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-декември 2008 год.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот, по што едногласно го усвоија следниот*

## *Д Н Е В Е Н   Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од L-та седница на Управниот одбор, одржана на 11.02.2009 година*

1. *Информација за исплатената бруто плати во јавните здравствени установи за јануари 2009 година;*
2. *Завршна сметка на ФЗОМ за 2008 година и Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-декември 2008 година;*
3. *Барања за инвестициони вложувања од јавни здравствени установи;*
4. *Предлог за годишен буџет за 2009 година од специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори" од Скопје;*
5. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Склучување на договори со лекари кои исполниле услови за пензионирање;*
7. *Предлог за измени во Листата на лекови на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од L-та седница на Управниот одбор, одржана на 11.02.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од L-та седница на Управниот одбор, одржана на 11.02.2009 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Информација за исплатената бруто плати во јавните здравствени установи за јануари 2009 година;*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека со воведувањето на бруто платата се проби буџетската ставка наменета за плати. Заради согледување на состојбата во јавните здравствени установи во врска со бруто платата ex-ante контролата на Фондот направи истражување по кое изготви извештај. Од извештајот произлегува дека 78% од плафоните на јавните здравствени установи отпаѓаат на плати.*

*Потоа, Миле Сугарев, изготвувач на информацијата за исплатената бруто плата во јавните здравствени установи даде дополнителни објаснувања. Тој нагласи дека во пресметувањето на платите владее хаос и дека многу малку установи го имаат применето новиот коефициент. Според новиот начин на пресметување надоместоците треба да бидат најмногу 15% а актуелната состојба покажува дека тие се најмалку 21%.*

*Директорот Тренкоски потенцира дека преминувањето на бруто плата не смее да има фискални импликации. Од друга страна јавните здравствени установи треба да ги почитуваат и колективните договори.*

*Љубиша Каранфиловски рече дека грешките кои се направени во јавните здравствени установи при пресметувањето заради непознавање на новиот систем, секако не се оправдани и дека мора да се коригираат.*

*Претставникот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, Симеон Сиљановски, даде краток осврт на преговорите кои доведоа до склучување на колективниот договор за здравствената дејност наведувајќи дека во Клиничкиот центар Скопје со нивниотт колективен договор коефициентите за пресметување на платите се зголемени. Така, во Клиничкиот центар платите на медицинските сестри се скоро на ниво на лекарите во внатрешноста на земјата. Инаку според нас тешко ќе се избегне воведувањето на бруто платата да нема финансиски импликации во здравството.*

*Потоа и Гордана Славеска, економист од Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, објасни како колективните договори се усогласени со законот за плати. Наведе дека во член 1 од тој закон е точно утврдено како се пресметува платата. Врз основа на законот, во Синдикатот добивме известување од Министерството за труд дека колективните договори треба да се усогласат со законот. Во таа насока, во колективните договори се намалени сите коефициенти такашто со нивна примена повторно да се добие иста висина на плата. Се што е направено е целосно во согласност со законот. Вкупната маса на платите се зголеми заради надоместокот за превоз. Ние укажувавме дека не е во ред преку бруто платата да добиваат надоместок за превоз лицата кои на него досега немале право. Инаку и од надлежните министерства беше укажано дека оваа година нема да се почуствува намалување на давачките на работодавачите, а целта која треба да се постигне во оваа година е да се постигне интегрирана наплата и сигурност на вработените за плаќањето на придонесите. Сите колективни договори склучени по измените на законот на ист начин ја уредуваат материјата на платите како нашиот и од министерот е потврдено дека е тоа добро сторено.*

*Директорот Тренкоски истакна дека проблем претставува лошиот менаџмент во јавните здравствени установи поради што со постоечкиот буџет за здравството прашање е као ќе работат во втората половина на годината.*

*Претставниците од Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ Симеон Сиљановски и Гордана Славеска укажаа дека не може да се очекува дека со крупната промена во начинот на пресметување на платите нема да има проблеми и за нив треба да се наоѓаат решенија. Предложија и да се обезбеди обука на стручните служби во јавните здравствени установи за примена на новиот систем.*

*Љубиша Каранфиловски додаде дека на очигледните грешки во секој случај треба да се укаже и за тоа не треба воопшто да се расправа. Важно е да се избегне погрешна примена на системот на бруто плата што може да доведе до потешки последици. Наведе и дека проблемот со поголемите трошоци по*

*системот на бруто плата е во висината на процентите на надоместокот за дежурство во јавните здравствени установи.*

*Љубица Димитровска истакна дека според калкулациите, ако средствата за храна и превоз ја надминуваат висината од 3000 денари, ќе дојде до нарушување на системот на бруто плата, односно ќе се предизвикаат поголеми вкупни трошоци отколку пред воведувањето на бруто платата. Додаде и дека кај оние јавни здравствени установи каде се плаќал данок на надоместокот за дежурство, вкупните трошоци за плати со воведувањето на бруто платата се исти. Онаму пак каде не се плаќал има зголемување на трошоците.*

*Борис Јосифовски пак истакна дека со примената на бруто платата работниците не смее да бидат скусени за износот што досега го примале како надоместок за храна и превоз.*

*Директорот Тренкоски додаде дека вишокот трошоци кои се појавува во јавните здравствени установи за платите е голем проблем и ќе треба да се одземе од други ставки како лекови, хигиена, што ќе се одрази на сите нас.*

*По ова Фисник Ибраими ја заклучи расправата по оваа точка од дневниот ред и предложи Управниот одбор да ги усвои мерките предложени во Информацијата за исплатената бруто плата во јавните здравствени установи за јануари 2009 година. Тие да се дополнат со обука на финансиските директори за примена на бруто платата. Покрај тоа, со заеднички ангажман на Фондот, Министерството за здравство и Министерството за финансии да се изготви методологија за пресметување на платата и да им се достави на сите јавни здравствени установи.*

*Управниот одбор го пприфати предлогот, по што едногласно донесе*

***Одлука***

*со која ја усвои Информацијата и утврди мерки за правилно пресметување и исплата на платите во јавните здравствени установи*

***ТОЧКА 2 -*** *Завршна сметка на ФЗОМ за 2008 година и Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-декември 2008 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека рокот за усвојување на завршната сметка на Фондот е 28 февруари, по што го објасни извештајот доставен на членовите на Управниот одбор. Наведе дека во врска со приходната страна, приходите беа остварени според предвиденото. Истакна дека во однос на минатата година приходите од партиципација се пониски додека придонесите од плати се за 9% повисоки. Приходите од придонеси учествуваат со 58% на приходната страна. Зголемување имаме кај приходите од буџетски трансфери. Ако тоа прерасне во тренд во наредните години, јасно е дека води кон поголема зависност од други приходи наместо изворните приходи на Фондот. Токму заради трансферите, вкупните приходи се во висина од 111% во однос на планираните. Инаку, кај сите останати приходи остварувањето е помалку од 100%.*

*Потоа ја објасни и расходната страна. Во 2008 година остварени се вкупни расходи во износ од 19.630.339.319 денари, што претставува остварување со 99,11 % од планираните расходи за 2008 година. Спрема сметководствените податоци, расходите на Фондот се остварени во:*

*- договорни услуги (здравствените услуги на осигурените лица ) во износ од 17.630.114.100 денари;*

*- социјални бенефиции (надоместоци за боледување, патни трошоци и рефундации, породилно отсуство и други надоместоци во здравството) во износ од 1.482.947.432 денари;*

*- капитални расходи во износ од 123.458.684 денари и*

*- други расходи (плати и надоместоци на вработените во стручните служби на Фондот; патни и дневни расходи; комунални услуги, греење, комуникација и транспорт; ситен инвентар, алат и други материјали за поправка; поправка и тековно одржување, оперативни расходи ) во износ од 393.819.103 денари.*

*Најголем дел од расходите на Фондот за 2008 година претставуваат средствата кои се плаќаат на здравствените установи за покривање на трошоците за здравствена заштита на осигурените лица во износ од 17.630.114.100 денари, што претставува остварување од 99,54 % во однос на планираното, потоа следуваат надоместоците од Фондот: паричните надоместоци на осигурениците (надоместок на плата за време на спреченост за работа, односно боледување и надоместок на патни трошоци во врска со користење на здравствени услуги) во износ од 1.482.947.432 денари. Капиталните расходи се остварени во износ од 123.458.684 денари што претставува остварување од 64.31 % во однос на планираните што е резултат на неостварените инвестиции во јавните здравствени установи поради нереализација на големиот тендер за опрема од Министерството за Здравство и дел од инвестициите во Фондот.*

*Вкупните расходи на Фондот во 2008 година се поголеми во однос на 2007 година заради исплатата на стари долгови во јавното здравство, како и забрзано плаќање на обврските кон приватните здравствени установи.*

*На крајот резимира, наведувајќи дека Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2008 година оствари вкупни приходи во износ од 20.428.496.777 денари и вкупни расходи во износ од 19.630.339.319 денари, односно остварена е позитивна разлика во износ од 797.157.455 денари.*

*Директорот Тренкоски истакна дека на 30.11.2008 година долговите на јавното здравство беа сведени на нула. Долговите што сега се појавуваат се очигледно резултат на работењето на менаџерите во јавните здравствени установи.*

*Потоа, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а Ромела Поповиќ Трајкова даваше објаснувања.*

*На крајот на расправата, членовите на Управниот одбор изразија задоволство од изготвениот извештај за финансиското работење на Фондот и од*

*резултатите од работењето на ФОндот во 2008 година, по што Управниот одбор едногласно ја усвои*

*Анализата за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-декември 2008 година и донесе*

***Одлука***

***за утврдување на Завршната сметка на ФЗОМ за 2008 година***

***Одлука***

*со која се отпишуваат побарувањата и обврските помеѓу Фондот и јавните здравствени установи кои се поголеми или помали од утврдените буџети на јавните здравствени установи, како и средствата од учеството на осигурените лица во цената на здравствените услуги, кои јавните здравствени установи не ги уплатиле на сметката на Фондот во 2008 година, и*

***Одлука***

*со која се усвојува Извештајот од дополнителниот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2008 година.*

***ТОЧКА 3 -*** *Барања за инвестициони вложувања од јавни здравствени установи*

*Во врска со оваа точка од дневниот ред, Фисник Ибраими ги запозна членовите на Управниот одбор дека Министерството за здравство сеуште не изготвило листа на приоритетните инвестиции во јавното здравство поради што предложи оваа точка да се симне од дневниот ред и повторно да се разгледува кога Министерството ќе ја изготви листата. Тоа би требало да биде за две до три седмици.*

*Директорот Тренкоски и Ромела Поповиќ Трајкова побараа да се одобрат предложените инвестиции а по изготвувањето на листата од страна на Министерството да се разгледуваат и од Министерството утврдените приоритетни инвестиции.*

*Фисник Ибраими укажа дека и кај предложените инвстиции има постапки кај кои се забележани проблеми со квалитетот на опремата а во една од постапките и Министерството за внатрешни работи истражува можно незаконско постапување. Поради сето тоа треба да се почека на резултатите.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно одлучи оваа точка да се симне од дневниот ред до изготвувањето на листа на приоритетни инвестиции во јавното здравство од страна на Министерството за здравство.*

***ТОЧКА 4 -*** *Предлог за годишен буџет за 2009 година од специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори" од Скопје*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека од болницата Филип Втори е пристигнато писмо со предлог за буџет за 2009 година. Во писмото се наведува*

*дека болницата е иницијатор за воведување на ДСГ системот на плаќање на здравствените услуги и е вклучено и барање за дополнување на договорот помеѓу болницата и Фондот. Исто така се наведува и дека висината на здравствените услуги не е променета од самиот почеток со работа на болницата т.е. веќе 8 години. Поради тоа се бара и зголемување на висината на вкупниот надоместок што Фондот го исплаќа на Филип Втори за услуги дадени на осигурениците на Фондот. Додаде и дека пред пристигнувањето на ова барање, претставници на Филип Втори биле во Фондот и дека им бил даден примерок од актите со кои се уредува начинот на плаќањето на здравствените услуги по ДСГ системот.*

*Зоран Крајоски додаде дека претставници на Филип Втори не учествувале на едукациите што Фондот ги организираше за примена на ДСГ системот поради што не се запознаени со ДСГ кодирањето.*

*Борис Јосифовски праша дали како ќе се одвива плаќањето на услугите дадени на осигурениците на Фондот во Филип Втори во наредниот период, на што директорот Тренкоски одговори дека се до склучување на нов договор, ќе се плаќа според постоечкиот.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да го одбие барањето на болницата „Филип Втори“ за зголемување на висината на вкупниот надоместок што Фондот го исплаќа на Филип Втори за услуги дадени на осигурениците на Фондот односно за зголемување на цените на услугите што ги дава болницата, и донесе*

***Заклучок:** Да се продолжат преговорите со специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“ за до крајот на месец април да се склучи нов договор за уредување на меѓусебните односи во согласност со ДСГ системот.*

*По ова, седницата ја напушти Горан Коевски а Управниот одбор продолжи со работа со четири присутни членови.*

***ТОЧКА 5 -** Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Слаѓана Пешевска објасни дека со предложениот правилник во рамките на секторот за контрола се отвораат неколку одделенија. Тоа ќе значи расчленување на секторот со постоечкиот број на вработени.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето по што едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршени предложените измени.*

***ТОЧКА 6 -*** *Склучување на договори со лекари кои исполниле услови за пензионирање*

*Стојан Петрески објасни дека согласно претходните заклучоци на Управниот одбор (од 04.05.2007 и 07.12.2007 година), Фондот не склучува договори со лекарите кои исполниле услови за старосна пензија а склучените договори престануваат да важат кога лекарот ќе ги исполни условите за пензионирање. Во врска со тоа од Народниот правобранител и од Министерството за здравство е упатено укажување дека ваквата пракса не е во согласност со законот. Стручната служба на Фондот предлага како преодно решение до утврдувањето на конечен став да се дозволи продолжување на договорите до навршување на 66 години возраст, односно за една година по исполнувањето на условите за старосна пензија.*

*Управниот одбор едногласно го прифати предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Со лекарите кои исполниле услови за старосна пензија да се склучуваат договори со важење најмногу до навршување на возраст од 66 години.*

***ТОЧКА 7 -*** *Предлог за измени во Листата на лекови на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Кристина Христова објасни дека во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се увидени грешки кои предизвикуваат проблеми во примената на Листата. Грешките се од различен карактер, и се однесуваат на проблеми со одредени генерики, фармацевтски форми и јачини кои се наоѓаат на Листата на лекови.*

*Потоа даде објаснувања за секоја одделна констатирана грешка и предлог за нејзино надминување, коригирање. Корекциите се неопходни заради обезбедување на осигурениците со потребните лекови кои се на товар на Фондот.*

*Посебен проблем претставуваат генериките за кои во делот за фармацевтска јачина е наведено „СРЈ“, кое означува сите регистрирани јачини и во делот на фармацевтска форма „СРФ“, кое означува сите регистрирани форми и истите претставуваат проблем во постапките за остварување на правото на лек на осигурениците, а истовремено значат и непредвидено финансиско оптоварување на буџетот определен за лекови.*

*Како резултат на горенаведеното, од една страна осигурениците не можат да го остварат правото на одредени фармацевтските препарати, а од друга страна постапките во Фондот и другите надлежни институции непотребно се отежнуваат.*

*Во однос на назнаките СРЈ -сите фармацевтски јачини и СРФ -сите фармацевтски форми, сметаме дека истите не треба да се употребуваат за означување на фармацевтска форма или јачина. Во Листата на лекови, за секоја генерика поединечно треба децидно да се наведат фармацевтска јачина и фармацевтска форма.*

*Управниот одбор  го прифати предлогот, по што едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Со констатираните грешки и можности за подобрување на Листата да се запознае Комисијата за Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот како би се иницирала постапка за нивна корекција.*

*По ова, Управниот одбор, во 14.40 часот заврши со работата на LI -та седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Претседател,*** |
| | ***Фисник Ибраими*** |